26995

12135





# МУЗЕЈОТ–ГОРДОСТ НА ГРАДОТ

Неготино располага и со Музеј. Оваа институција, катче во кое се шири и негува богатото историско минато на ова Тиквешко градче, делува веќе три години.

Со посебни ангажирања на Собранието на општината, општествено — политичките организации и СЗБ од НОВ, за потребите на Музејот беше изградена специјална музејска зграда. Малку градови во Републиката можат да се пофалат со такви згради. Но, Неготино ја има и можеби токму тоа претставува предизвик за поголемо ангажирање на вработените во Музејот. Почетоците на нивното работење беа скромни, но денес веќе се чувствува нивното активно делување на полето на историското минато и заштитата на културното богатство во општината.

Во изминатиот период од постоењето Музејот изготви поставка „Неготино и Неготинско 1920 — 1945 година", со посебен акцент на НОБ во Тиквешијата. Оваа поставка, што претставува едно од основните обележја на Музејот, обилува со орудија, оружје, пишани документи и фотографии од споменатиот период.

Исто така, вработените во Музејот водат постојана грижа за спомeничкото богатство на теренот на општината, преку следење на состојбата во која се наоѓаат спомениците на културата и собирање на потребните податоци заради оформување на стална документација за секој споменик, независно од неговото значење, време и период на настанување. Досега се сторени и видни напори материјалот со кој располага Музејот да биде што постапен за користење на пошироката јавност за образовни, научни и други цели.

Музејот од Неготино не ги занемарува и прашањата од областа на археологијата. На ова поле веќе се направени и првите конкретни чекори, во што помогна и Републичкиот завод за заштита на спомениците, како и Археолошкиот музеј од Скопје. Конкретните чекори во оваа сфера се преземени по изготвувањето на археолошката карта, на кој се регистрирани сите археолошки локалитети од подрачјето на општината.

Неготинското подрачје располага и со многу бројни локалитети од периодот на праисторијата, па се до доцниот среден век, кои исто така се заштитуваат од забот на времето.

Музејот како културна институција организира и разни тематски изложби по повод празници и јубилеи, со што уште повеќе придонесува во негувањето и ширењето на итсориските традиции на Неготино. Во изминатот период организира и повеќе изложби на реномирани ликовни уметници. Да спомнеме само некои од нив: Димче Протуѓер, Ана Темкова, како и избрани дела на ликовните уметници од Битола

Страниците посветени на Денот на ослободувањето на Неготино ги подготви:

А. ЦЕВЕЛЕКОВ